

**Сега во Македонија се потребни пари за кампања за бојкот на референдумот, затоа од мене и моето семејство подарувам 100 000 долари -рече г-ин Ивановски.**

Најголемиот македонски дарител од Канада и секретар на СМК Канада познатиот бизнисмен г-ин Крсте Ивановски во својот емотивен говор до Македонците во Торонто истакна:

- Само во Република Македонија зборот Македонија ќе биде забранет, на своите деца и

внуци да не смееш да им кажеш од таа историја и името Македонија да го спомненеш.Тоа е почеток на крајот на македонската држава и нација. Кој му дава право на некој да одлучи да ја смени целата македонска вековна историја, кој му дава право да го избрише еден од нјстарите народи во светот, замислете ќе биде избришан за да бидат задоволени интересите на државите кои што сакаат тотално поништување на Македонија и Македонскиот народ, рече господин Ивановски и додаде: Ја слушаме сегашната Влада како се обидува да го убеди македонскиот народ дека мед и млеко ќе течело само да помине овој договор.

Европската унија да одлучи да се прошири за десет години Македонија пак нема да биде дел од неа.

Зборот Македонија се форсира во кампањата а после тие истите ќе те казнат за негова употреба.

Господин Крсте Ивановски потоа јавно се запраша: На кого да му верува овој македонски народ, на премиерот што беше осуден на затворска казна па амнестиран од претседателот што е дел од неговата партија, или на премиерот што се гледа на снимка како бара мито?

Или на премиерот што пред изборите не се сретна со ниту една македонска организација во дијаспората?

На тој што рече дека доколку изгуби на изборите ќе си даде оставка?

На тој што рече дека Св. Кирил и Методиј се дел од заедничката историја се Бугарија?

На тој што на секое надворешно интервју му е срам да го спомне зборот Македонија?

На тој што секо збор му е лага?

Или на тој што се колнеше во своите деца дека нема да го смени името, нему ли да му верува македонскиот народ, тој ли ќе ја носи Македонија напред?

**Како Македонци сите сме за бојкот. Дел од нашата одговорност овие денови е да им се јавуваме на нашите роднини и да им кажуваме за штетноста од договорот со Грција.**

Сега во Македонија се потребни пари за кампања за бојкот на референдумот, затоа од мене и моето семејство подарувам 100 000 долари -рече г-ин Ивановски. Кој беше поздравен со овации и аплаузи за поддршка од страна на присутните на семакеоднскиот донаторски коктел.

# Фотографии од Семакедонски Донаторски Коктел За Бојкот На Референдумот.

https://www.facebook.com/MakedonskaNacijaCanada/media_set?set=a.10215677247418942&type=3